УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ВЛИЈАНИЕТО ОД УПОТРЕБАТА НА АВТОЛОГНА ПЛАЗМА ЗБОГАТЕНА СО ТРОМБОЦИТИ ВРЗ СЕКУНДАРНА СТАБИЛНОСТ КАЈ ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ ВО ДОЛНА ВИЛИЦА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Кандидат:
Ертан Омеров

Ментор:
проф. д-р Оливер Димитровски

Скопје, 2021

UNIVERSITY „Ss. Cyril and Methodius“ - SKOPJE
FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE

Dr. Ertan Omerov

THE EFFECT OF PLATELET-RICH PLASMA UPON IMPLANT SECONDARYSTABILITY MEASURED BY RESONANCE FREQUENCY ANALYSIS IN THE LOWER JAW

-MASTER'S THESIS -

SUPERVISOR: Prof. D-r. Oliver Dimitrovski

Skopje, 2021

ABSTRACT

Objective

To assess the effect of platelet-rich plasma (PRP) on implant dentistry during secondary stability measured by RFA in lower jaw toothless.

Materials and Methods:

Thirty-two patients with mandibular anterior and posterior toothless were included in the study. Implant cavities (60) prepared in the study group were covered with PRP before implant placement, but conventional implant placement was performed in the control group. Resonance frequency measurements were performed with the Penguing device intra-operatively, post-operatively, at the 4th week, and at the 8th week, these readings were then analysed statistically. All surgical procedures were performed under local anesthesia by the same surgeon. A full-thickness mucoperiosteal flap was removed by incision on the alveolar crest.

Results:

A statistically significant difference was noticed in implant stability with PRP at baseline. Significant difference in stability values were observed in the study group following 30 days after implant placement. Control group showed no statistically significant difference at all time intervals. Higher values were recorded during the early phae of PRP. The ISQ measurements at week 4 and week 8 were notably higher in the study group. The differences between the groups were statistically significant ($p<0.05$), the statistically significant differences were found between ISQ values of PRP and non-PRP implants in the follow-up periods.

Conclusion:

Despite the lack of consistent evidence supporting the l benefit of PRP in compromised patients, PRP might have a positive effect on wound healing and bone regeneration following implant stability in clinical healthy patients.

Keywords:

Implant stability, platelet rich plasma (PRP), resonance frequency analysis (RFA)

СОДРЖИНА

Вовед 4
Литературен преглед..... 9
Цел на трудот 15
Материјал и методи..... 17
Резултати..... 29
Заклучок..... 69
Референци..... 71

ВОВЕД

Во однос на биоматеријалите и нивните регенеративни способности, пред повеќе од 20 години прв пат е воведена нова насока во стоматологијата и коскената регенерација (**Kingsley CS [1]. Matras H Osterr Z [2], Rosenthal AR, Egbert PR, Harbury C, Hopkins JL, Rubenstein E [3,] Whitman DH, Berry RL, Green DM[4], Chan CP, Lin CP, Chang MC, Hsieh CC, Hsu CC, Lin CL, Jeng JH[5])**. Секој материјал и категоризиран коскен графт поседуваат индивидуални специфични регенеративни способности. Најчесто споменуваната класификација за коскени графт материјали е поделена на: автографт, алографт, ксенографт и алопластични-синтетички материјали.

Следејќи ги нивните трендови, од друга страна, пак, апликативната употреба на факторите на раст во регенеративната стоматологија има клучна улога во модерната медицина. Нивната употреба е широко навлезена во секое поле од медицинските науки. Факторите на раст, всушност, се поделени на две групи, и тоа: биоактивни модификатори на крвта и рекомбинирани фактори.

Првата група ја сочинува тромбоцитната концентрација добиена преку центрифугат на крвта и веќе е достапна на пазарот и тоа повеќе од 2 децении. Во неа се вбројуваат: плазма збогатена со тромбоцити (ПРП), плазма збогатена со фактори на раст (ПРГФ) и плазматичен фибрин (ПРФ) **(Alissa R[6] , Anitua E[7], Mozzati M[8], Hürzeler M[9])**. По појавување на тромбоцитниот концентрат со плазма на пазарот, една од современите генерации регенеративни супстанции, одобрени за комерцијална употреба, е дериватот на емајловиот матрикс (ЕМД, Штрауман) со индикација за апликативни својства во периодонтална регенерација.

Прв пат, во далечната 1970 година, започнува да се произведува автологна плазма збогатена со тромбоцитен концентрат, како прва генерација чијашто примена е во колизија со антикоагулантната терапија. Во доцните 90-ти години, еден од пионерите кој го актуализира тромбоцитниот концентрат (ПРП) во регенеративната апликација во оралната и максилофацијалната хирургија е Роберт Маркс **(Marx RE[11])**. Тој овозможува на ова поле да се создаде и втора генерација на плазма збогатена со фибрин, т.н. Л-ПРФ, односно плазма збогатена со висока концентрација на леукоцити одговорни за одбранбена способност на имуниот систем од патогени микроорганизми.

Најчестите фактори на раст кои може да се најдат во тромбоцитниот концентрат се: PDGF, TGF-β и VEGF. PDGF ги овозможува и подобрува миграцијата, пролиферацијата и преживувањето на мезенхималните клетки. TGF-β претставува т.н. „суперфамилија" со повеќе од 30 члена кои потпомагаат во индуцирање на клеточна пролиферација на повеќе клеточни типови (**Zechner W[12,13], Hegab A[13], Peeran S[15]**). Поедноставно, тоа е всушност процес на индуцирање на масивна синтеза на молекуларниот

матрикс како што се колаген 1 и фибронектин, без разлика дали станува збор за фибробласти или остеобласти. VEGF претставува најпотентен фактор на раст кој доведува до формирање на нови крвни садови, односно ангиогенеза на ткивата.

Денес, имплант-терапијата се смета за предиктивен третман со одлични и долгорочни резултати. Кога доаѓа до загуба на еден или повеќе заби, се јавуваат димензионални промени на самиот алвеоларен гребен, кој пак континуирано е поврзан со стоматогнатниот систем. Магнитудата на овие димензионални промени ни претставува клинички релевантен патоказ, кој, пак, е основа за понатамошен сеопфатен рехабилитациски третман кај пациентот.

Иако осеоинтегративниот процес претставува основа за успех на имплант-терапијата, од друга страна, површината на имплантот игра голема улога во поврзувањето и контактот со самата коска. Неуспешноста, пак, од друга страна, е во колизија со голем број фактори, како што се: предвремено оптоварување на денталниот имплант, трауматска оклузија, инфекција, инфламација, стероидна терапија, малнутриција, метаболички нарушувања, хемо и радиотерапија.

Тактилната перцепција, која се дефинира како механо-сензибилна поврзаност со осеоинтегрираниот имплант, може да резултира во активација на различни механорецептори локализирани во оро-лицевата регија. Токму таа перцепција влијае врз понатамошниот концепт за успешност или неуспех на имплантот.

Следствено на горенаведеното, поставувањето дентални импланти се поистоветува со сè почесто аплицирање на аугментиран материјал за презервација на алвеоларен гребен. Осеоинтеграцијата во денешно време може да се постигне за пократок период, и тоа од 6 до 8 недели, а тоа се должи на топографската површина на современите импланти, која може да помогне во коскените и мекоткивни структури околу самиот имплант. Примарната стабилност е често поврзана со механичките карактеристики на коскениот квалитет и квантитет, тип имплант (геометрија, должина, ширина, пресек), како и со хируршката метода која ќе се примени за да се обезбеди лежиштето на имплантот. Секундарната стабилност може да се дефинира како постигнат степен на периимплантна коскена формација, која резултира од самата структура и површина на имплантот.

Поради тоа, постојат повеќе структурни површини во однос на физичките и хемиските модификации на денталните импланти, сè со цел да го подобрат суперфицијалниот-површински контакт. Тромбоцитите играат фундаментална улога во раната фаза на заздравување и коскена регенерација и тоа преку ослободување на фактори на раст и други молекули. Тој процес се објаснува преку активација на тромбоцитите кои формираат т.н. агрегати со фибринскиот матрикс, кој, пак, од друга страна е дел од

хемостаза и тромбоза. Тромбоцитниот концентрат збогатен со плазма поседува задоволителни биолошки супстанции кои го овозможуваат мекоткивното и коскеното зараснување.

Молекуларното и клеточното влијание во процесот на имплантна осеотеоинтеграција активираат фактори кои ја афектираат коскената формација и адаптација (**Kingsley CS [1], Matras H Osterr Z[2], Rosenthal AR, Egbert PR, Harbury C, Hopkins JL, Rubenstein E[3] Albanese A, Licata ME, Polizzi B, Campisi G[16])**. До создавање накоскена формација на самата површина на имплантот доаѓа преку 3 основни процеси, а тоа се: остеокондукција, остеогенеза и остеоиндукција. Токму тука, на ова клеточно ниво, доста важна улога заземаат и тромбоцитите со нивното директно влијание за обемен раст и развој на фактори кои се јавуваат за времено зараснување на раната (имплантно-коскен контакт). Кохезивната поврзаност се должи токму на типот на површината на имплантот, од една страна и на коскениот квалитет, од друга страна, бидејќи адхерентните клетки кои потекнуваат од екстрацелуларниот матрикс, продуцираат сигнификантно ниво на цитокини и фактори на раст. Локалното ослободување на овие фактори може да влијаат врз хируршкиот микро-гап и маргиналната коска. Оттука, формата на имплантот има голема улога обезбедувајќи ја стабилноста на имплантот, а со тоа и придонесува плазмата збогатена со тромбоцити да имплантира што е можно повеќе тромбоцити, формирајќи биомеханичка формација која понатаму ќе помогне во подобрување на имплантната стабилност и осеоинтегративен процес.

Локалната апликација на автологни фактори на раст е еден од современите и клучни елементи кои можат да ги акцелерираат осеоинтегративниот процес и контактот со имплантот. Затоа тромбоцитниот концентрат добиен од центрифугирање на плазма претставува соодветен материјал кој преку ослободување на фактори на раст може да го потпомогне заздравувањето на местото на хируршка интервенција. Плазмата збогатена со тромбоцити преку алфа гранули на деградацискиот продукт од тромбоцитите синтетизира трансформирачки фактори на раст одговорни за создавање на нов коскен депозит и доведува до образување на ново колагенско ткиво. Факторите на раст, кои заедно со биоактивни протеини претставуваат неопходни компоненти за регенерација на ткивото. Факторите на раст заедно со биоактивните протеини претставуваат и неопходни компоненти за регенерација на оперативното поле. Откако ќе се активираат факторите на раст, тие предизвикуваат различни каскади за клеточна стимулација, пролиферација, диференцијација и регенерација.

Всушност, ПРП претставува крвна плазма со покачен број тромбоцити и затоа

не е потребно само да се обезбеди задоволителна количина на автологна плазма туку и да се подигне на повисоко ниво вкупниот број на присутни тромбоцити во самото коскено и меко ткиво. Ниското ниво на pH-вредноста на ПРП (6.5-6.7) го прави ова соединение способно да инхибира бактериски раст и развој, односно дејствува како бактериостатик (**Kingsley CS[1] Matras H Osterr Z[2] Rosenthal AR[3] Whitman DH[4] Chan CP[5] Reichert da Silva Assunção L[6] Alissa R[7] Anitua E[8] Mozzati M., [9] Hürzeler M, [10] Marx RE[11] Zechner W[12,13] Hegab A[14] Peeran S[15]**). Поради овој факт, сè повеќе се актуализира примената за време на инсерирање на дентален имплант во коскено ткиво, бидејќи може да влијае во одбегнување на понатамошен развиток на периимплантна инфекција и отфрлање на имплантот од организмот.

Целта на модерната имплантологија е да овозможи успешно ниво на осеоинтеграција на вградениот дентален имплант, за да може понатаму да се постигне естетски и функционален резултат кај пациентот. Добро е востановено дека остеоинтегративниот процес е мултифакторијален, затоа се надеваме дека употребата на автологни материјали може да ги потпомогне забрзувањето и успехот на терапијата.

Стабилноста на поставениот дентален имплант се дефинира како можност или состојба да апсорбира соодветна сила која доаѓа од повеќе правци, од аксијален аспект, латерален или ротациски движења. Постулатот на нашата хипотеза, всушност, се заснова врз евалуација и влијание на ефектот на плазмата збогатена со тромбоцити и нејзините седум фундаментални протеински фактори на раст во подобрување на стабилноста на денталниот имплант во однос на топографските карактеристики на површината од имплантот.

Придобивката од локално-топикална апликација на тромбоцитен концентрат добиен од автологна плазма наоѓа широка примена во оралната и максилофацијалната реконструктивна хирургија, особено во современата имплантологија како посебна гранка за биоактивација на дентални импланти во коскено-ткивен сегмент, и тоа подготвени за имедијантно или одложено оптоварување со супраструктура.

Заздравувањето на раната и коскената регенерација изискуваат низа оркестрирани секвенци на биолошки фактори кои можат да бидат од круцијално значење за долгорочноста на денталните импланти, за нивна примарна и секундарна стабилност. Можеби еден од повеќето „кандидати“ за да се обезбеди сето горенаведено е плазмата збогатена со тромбоцити. Тоа може да се појасни со фактот дека: 1) таа е од автологно потекло; без ризик за трансмисија на болести и 2) содржи природни фактори на раст кои можат да влијаат врз коскената регенерација (**Zechner W[12] Peeran S[15], Albanese A, Licata ME, Polizzi B, Campisi G[16]**).

ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Современите методи и третмани за користење на биоактивни материјали за постигнување сè подобро ниво на остеоинтеграција на дентални импланти може да влијаат врз остеобласната адхезија врз површината на имплантот. Иако може да се каже дека техниката на поставување дентални импланти не е значително изменета, задоволителен број студии ја испитуваат можноста за користење и апликација на тромбоцитен концентрат (ПРП) добиен од плазма кој може да влијае во подобрување на стабилноста и остеоинтегративниот процес кај поставени дентални импланти.

Имплантологијата како посебна гранка се смета за предиктивен метод на третман со одлични и долгорочни резултати. Еден од релевантните фактори што ја одредуваат таа магнитуда се промените кои се случуваат на ниво на алвеоларниот гребен, вклучително и ремоделација на коска и ресорпција. Денес, поставувањето на денталните импланти се поврзува најчесто со материјали за аугментација, сè со цел да се превенира ресорпција на алвеоларен гребен, да се постигне водена коскена регенерација и да се постигне идеално естетско ниво на протетска рехабилитација.

ПРП всушност претставува "екстракт" од крвта кој содржи разнолики фактори на раст, кој по пат на центрифугирање се добива краен продукт за клиничка апликација. Тромбинот претставува супституент на серинска протеаза, која кај луѓето е енкодирана од генот "F2" и го претвора растворливиот фибриноген во нерастворлив фибрин.

Историјатот на овој тромбоцитен концентрат, како идеен проект, започнува во 1954 год. од страна на Кингсли (**Kingsley**[1]) кој првпат го користи терминот ПРП, за да го означи тој карактеристичен тромбоцитен концентрат од плазма, за во 1970 год., **Matras**[2] да го воведе терминот фибринско лепило кој помага во регенерација на кожни дефекти кај експериментална студија со стаорци. Тоа фибринско лепило било произведено од полимеризирачки фибриноген со тромбински состав на калциум. Но, поради ниската концентрација на фибриноген од плазмата на соодветен донор, квалитетот и стабилноста на ова соединение биле минимални т.е. субоптимални. Потоа следуваат низа обиди во тек на 1975-1998 година, сè со цел да се добие екстракт на плазма или тромбоцитен-фибриноген, чии примарни цели би се користеле во општата хирургија, неврохирургија и офталмологија **(Rosenthal и сор** [3]**, Whitman и сор** [4]**, Kingsley и сор.** [1]**).**

Во 1998 година, Чен (**Chan**[5]) и неговите соработници појаснуваат уште еднаш дека тромбинот ги активира факторите на раст, а воедно и го поттикнува групирањето на фибробласти кои потпомагаат во регенеративните процеси на ткивата.

Една година подоцна, Сингер и Кларк (**Singer** и **Clark**[1]) ја потврдуваат хипотезата дека фундаментална улога во регенерација на коската и нејзино заздравување играат тромбоцитите со ослободување на т.н. „трансформирачки фактори на раст“.

Компарирајќи ги ефектите од влијанието на тромбоцитно ослабената плазма, калциум хлорид-активирана плазма, калциум хлорид и тромбин активирана плазма, како и дејството на мононуклеарните врз регенеративните процеси на забните ткива, Рајхерт да Силва Асунчао (**Reichert da Silva Assunção**[6]) и соработниците дошле до заклучок дека само групата испитаници кај кои е користен тромбинот има значително влијание во однос на другите подгрупи.

Алиса (Alissa)[7] и сор., **Анитуа (Anitua)**[8] и сор., Моцати (**Mozzati)**[9] и сор. објавиле студии каде што тема на интерес е влијанието на ПРП во однос на резултатите анализирани на индексот за мекоткивна регенерација. Тие покажале во своите испитувања дека ПРП има значително влијание во заздравување на раната во тек на првите 15 дена по аплицирањето.

Во 2007 година, Харселер (**Hürzeler**)[10] и соработниците испитувале загуба на маргинален коскен волумен кај дентални импланти во тек на првата година од нивно поставување во вилично ткиво. Во тек на период на следење резимирале дека апликацијата на ПРП околу поставениот дентален имплант резултира со статистички сигнификантен волумен во тек на континуирани третмани со тромбоцитниот концентрат. Според него, ПРП учествува во оптимизирање и акцелерирање на остеоинтеграцијата преку остеокондуктивните својства кои му се припишуваат на фибринот и неговата аткивност. Овие резултати корелираат со студиите објавени од страна на Маркс (**Marx)** и сор. [11] **и Зекенер (Zechener)** и сор. [12,13].

Хистоморфометриски испитувања се потврдени од Зекенер (Zechener) [13] и сор. во 2003 година, каде што целта на нивното истражување била да се испита курсот на локална-топикална апликација на ПРП во периимплантното лежиште за време на поставување на дентален имплант и следење на состојбата во рана фаза сè до функционално оптоварување на имплантот. Тие потврдуваат дека е постигнат значителен контакт на коската со имплантот за време на локална апликација на ПРП во рана фаза на остеоинтеграција со минимална загуба на маргинална коска. Сите четири студии на Глаусер (**Glauser**)[14] и сор., Каландриело (**Calandriello**)[15] и сор., Абод (**Abboud)**[16] и сор., Донари (**Donati)**[17] и сор. го потврдуваат позитивното влијание на ПРП во однос на остеоинтегративниот процес за време на поставување на дентални импланти.

Според Анитуа (**Anitua**)[8] и сор., во студијата за употреба на автологно-тромбоцитна и регенеративна терапија во имплантологијата, факторите на раст се претставени како

посебна унифицирана класа на биолошки активни полипептиди, кои имаат засебна улога во заздравувањето на рани и доброоркестрирана интеракција со клетките од оралната празнина.

Анализирајќи ги промените и висината на алвеоларниот гребен со помош на радиографски испитувања кај Штрауманови импланти со или без апликативна употреба на плазма збогатена со тромбоцити, Кумар (**Kumar)**[18] и сор. објавиле студија каде што апликацијата на ПРП резултира со статистички сигнификантна значајност во однос на групата пациенти без користење на автологна плазма.

Во студијата на Кунду и Рати (**Kundu и Rathee)**[19] се соопштува дека во групата на дентални импланти каде што е користен тромбоцитен концентрат од плазма е опсервирана поголема дентална стабилност, со помош на неинвазивна метода, и тоа постимплантациско, во споредба со контрола група на дентални импланти без ПРП. Исто така, тие ја потенцираат едноставноста на методот за локална употреба на ПРП, кој може да помогне во подобрување на примарната стабилност на денталните импланти.

За позитивниот ефект од користење на тромбоцитен концентрат од плазма цитираат и други автори **(Anitua и сор.8, Anand и сор. 20, Gentile и сор.21, Wojtowicz и сор.22, Daif 23, Khairy и сор.24, Poeschl и сор.25).Војтович (Wojtowicz)**[26] **и сор**. во 2007 година во својот труд, во кој ја проучува можноста за аугментација на коскено мандибуларно ткиво, укажува на фактот дека примената на ПРП е повеќекратно ефикасна во однос на вештачка коска поради позитивноста на CD34+. Позитивноста на овој маркер нè упатува на присуство на трансмембрански фосфогликопротеин и хематопоетски клетки, како што се еритроцитите, тромбоцитите и лимфоцитите.

Ортолани (Ortolani) и сор.[26] во 2014 година направиле анализаод ефектот на PDGF, IGF-1 и PRP во однос на остеоинтеграција на денталните импланти. Микроскопските пресеци на денталните импланти третирани со ПРП покажале значително и обемно присуство на депозити на фибробластно ткиво околу имплантот со бројни митотични клетки. Имунохистохемиските анализи упатувале на позитивно присуство или факција на хондробласти и остеобласти во остеоидниот матрикс со фокуси за позитивна остеоинтеграција.

Во трудот на Пеев и Атанасов (**Peev** и **Atanasov)**[27], била проучувана секундарната стабилност кај вкупно 86 дентални импланти со или без апликација на ПРП кај 21 пациент. Имплантната стабилност била мерена со помош на резонантна фреквентна анализа.

Денталните импланти кои биле третирани со ПРП покажале повисоки резултати за примарна стабилност во однос на групата пациенти без ПРП. Нивниот резултат упатува на фактот и можноста да се разгледа секојдневната примена на ПРП, кога таа е индицирана кај соодветни пациенти, бидејќи според нив, тромбоцитниот концентрат претставува акцелератор за обезбедување на секундарна стабилност кај имплантите.

Георгакопулос (Georgakopoulos) и сор.[28] објавиле резултати од клиничка студија која се заснова на формирање на новосозреана текстура околу поставени дентални импланти по аплицирање на плазма збогатена со тромбоцити. Според дадена математичка формула и анализа на ортопантомограм дошле до заклучок дека ПРП има значителен позитивен ефект во формирањето на ново коскено ткиво.

Алхусаини (Alhussaini)[29] оценува дека рекомбинирана употреба и примена на автологен коскен морфогенетски протеин 2 и тромбоцитни биоактивни материјали можат да влијаат врз подобрувањето на стабилноста на денталните импланти за време на различни временски периоди во корелација со должината и дијаметарот на имплантот. Овие литературни податоци корелираат со резултатите добиени од Ончу и Аладиноглу (**Oncu** и Alaaddinoglu).[30]

Најзначајниот ефект на плазмата збогатена со тромбоцитите се припишува на PDGF-факторот на раст кој има клучна улога во репарација на сврзното ткиво и коскената регенерација. Факторот на раст со потекло од тромбоцитите (PDGF) ја поттикнува и ја одржува анагената фаза од циклусот на раст, создавајќи поволна средина за подобро заздравување.

Според Јанг (**Yang)** и сор. [31], факторот на раст со потекло од тромбоцитите помага во стимулација и продукција на фибронектин, ги потпомага клеточната молекуларна адхезија и целуларната пролиферација со миграциски процес за време на заздравување на раната, вклучувајќи ја и остеокондукцијата како неизбежен момент во контракција и ремоделација на коскеното ткиво.

Придобивките од ефектот на плазмата збогатена со тромбоцити врз стабилноста на денталните импланти во долната вилица се претставени во трудот на Кетаби, Фахами и Амини (**Ketabi, Fahami** & **Amini)**[32]. Следствено на тоа, дошле до заклучок дека апсолутна клиничка апликација на ПРП на површината на денталниот имплант може да резултира со значително подобрена иницијална стабилност.

Ананд (Anand) и **Мехта (Mehta**) [33] во 2012 година, во својот труд за клиничка евалуација на мекоткивните структури во оралната празнина за време на имедијантно активирани дентални импланти со претходна апликација на ПРП, дошле до заклучок дека ниту еден од поставените импланти не покажал негативен клинички параметар во однос

на микробилност или неуспех од имплант-терапијата.

Повеќе трудови се публикувани испитувајќи го влијанието на ПРП кај континуирани дефекти, аугментација на подот на синусната празнина, обезбедување вертикална или хоризонтална аугментација на алвеоларен гребен, санација на периимплантни дефекти, стимулација на коскено зараснување и гингива, како и сеопфатна рехабилитација во тек на остеоинтеграција на денталните импланти.

Дел Корсо (Del Corso) и **Симонпиери (Simonpieri)**[34], во своите понови публикации, објавуваат иновативна техника, користејќи го тромбоцитниот концентрат со заемно подобрување на формулата и добивање на можеби незначителен квантитет на ново созреано ткиво, кое може да акцелерира коскена регенерација. Клиничките ефекти од примена на овој тромбоцитен современ концентрат добиен како нус-производ на крвта, покрај своите бактериски својства, се промовираат на пазарот како функционална и биолошка врска, со чии својства ја подобруваат гингивалната матурација или созревање на периимплантното ткиво.

ЦЕЛИ НА ТРУДОТ

Следејќи ги и анализирајќи ги современите методи во развојот на користење на тромбоцитно збогатена плазма во оралната хирургија, искористувајќи ги можностите и потенцијалот за нејзина примена, **основната** и **главна цел** на оваа студија ќе биде да се испита и процени **нивото на рана остеоинтеграција и секундарна стабилност кај дентални импланти, користејќи автологен тромбоцитен концентрат** за време на поставување на дентални импланти.

Притоа специфично:

- ќе се евалуира *примарната стабилност* на денталните *импланти* поставени *со* методата на *автологен тромбоцитен концентрат,* со помош на неинвазивен специфичен апарат систем за анализа и мониторирање на микробилност и градуиран степен на осеоинтеграција (експериментална група)
- ќе се анализира и евалуира *примарната стабилност* на денталните *импланти без* користење на методата на *автологен тромбоцитен концентрат* (контролна група)
- ќе се утврди *предвидливост од евентуален неуспех* помеѓу двете групи
- ќе се измери и утврди *секундарната стабилност* и статистичка разлика помеѓу двете групи на денталните импланти (со и без користење на тромбоцитен концентрат од плазма) *пред дефинитивно оптоварување* со супраструктура
- ќе се спореди *ефикасноста* од апликативното дејство на концентрираните фактори на раст
- ќе се утврди дали плазмата збогатена со тромбоцити влијае врз денталниот имплант и колкава е *неговата вредност* споредбено со имплантот поставен на контралатералната страна во долна вилица, но без тромбоцитни фактори.

Реализацијата на овие цели ќе придонесе за утврдување на сознанија во однос на ефикасноста од користење на тромбоцитно збогатена плазма во стабилноста на денталните импланти.

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во рамките на овој магистерски труд, за реализација на поставените цели, при стоматолошката ординација **„Денториа“** во Охрид, ќе бидат проследени вкупно 30 пациенти од обата пола кои ќе бидат поделени во повеќе старосни групи со поставена индикација за имплантација на дентални импланти во **долна вилица**, во зависност од загубата и ремоделираната коскена површина.

Во првата (експериментална) група каде што се планира поставување на дентални импланти во долна вилица-десна страна, ќе биде претходно подготвена и локално аплицирана автологна „плазма збогатена со протеини со соодветна концентрација-PRP“ на лежиштето на имплантот, додека, пак, во втората (контролна) група, кај истиот пациент од лева страна на мандибулата, ќе се користи само стандарден протокол за подготовка на имплантно лежиште, но без аплицирање на концентрирана автологна плазма, подготвена во плазмолифтинг епрувета со хепарин која има патентиран цепараписки гел, кој преку дегранулација на тромбоцити ослободува соодветни фактори на раст и други цитокини кои го стимулираат растот на коскените и меките ткива.

Според критериумите за вклучување во студијата, ќе бидат селектирани пациенти од 18 до 64-годишна возраст со соодветни критериуми за вклучување во оваа **двојно слепа рандомизирана клиничка студија**. Кај сите испитаници ќе биде спроведен анкетен прашалник заедно со согласноста за доброволно учество во нашата студија, следејќи ги препораките на СЗО.

Критериуми за вклучување во оваа студија се:

- пациенти на возраст од 18 до 64 год.
- пациенти со ресорпција на коска не <6 мм во долна вилица
- пациенти со недостаток на еден или повеќе заби во постериорна/ дистална регија
- пациенти со адекватно интероклузално растојание и мезио-дистален простор доволен за дентално имплантирање
- отсуство на акутна или хронична симптоматологија од воспалителен карактер која може да влијае врз успешноста на осеоинтеграција на денталниот имплант
- индикација за екстракција на кариозно деструирани заби сè со цел замена за дентални импланти
- индикација за изведување на мултипни екстракции сè со цел планирање и поставување на дентални импланти
- парцијална или тотална беззабост на долна вилица
- пациенти кои потпишале писмен документ за хируршката интервенција, како и

согласност за поставување на дентални импланти.

1. Кај секој пациент, во фазата на предоперативно планирање ќе се изврши анализа на РТГ-дводимензионална снимка каде што ќе биде евалуирана моменталната состојба заедно со интра и екстраорален клинички преглед, анамнеза на потенцијалниот пациент, за да се востанови или негира евентуална вилично-лицева патологија, инфекција и здравствена состојба.

Исто така, ќе биде вклучен и Sirona Galileos 3D sowter со екстремно низок дијапазон на радиолошко озрачување кој ќе се користи за анализа на коскен квалитет на долна вилица според Леколм и Зарб, D1-D4 (опишани подолу во текстот).

CBCT заедно со програмата „Сајдексис“ претставува широко прифатена дигитална метода, чија дефинитивна слика не е последица на директното дејство на РТГ-зраци, туку се должи на повеќекратното детектирање, мерење и калкулирање на дигитални информации и создавање на аналоген струен импулс.



Слика 1. Радиографски приказ на квалитет на коскена густина, градуирано од ниво 1-4, според Лекхолм и Зарб

2. Подготовка на плазма збогатена со тромбоцитен концентрат

Кај пациентите со венепункција ќе се извлекува венска крв во патентирана вакуумирана епрувета – плазмолифтинг со цитрат како антикоагуланс. Епруветата ќе содржи специјален сепарациски гел (Слика 2). Капацитетот на епруветата ќе изнесува 8 mL. Крвта ќе се зема со интравенска канила – 19 G т.н. BAby system (Слика 3).

Слика 2. Плазмолифтинг епрувета со внатрешно аплициран сепарациски гел

Слика 3. Приказ на одделни крвни елементи по постапката

Слика 4. Сепарирани елементи според густина

Епруветите ќе се центрифугираат на 4000 вртежи во минута, во времетраење од 6 минути, по што се добива потребната плазма во горниот - супериорен дел од епруветата. Во долниот дел ќе се денатурираат еритроцитите, леукоцитите и сепарацискиот гел (Слика 4). Добиената плазма ќе се аплицира во шприцеви од 5 ml.

Плазмата ќе се вбризгува околу имплантите преку стерилна игла од 30 G и тоа двапати – еднаш пред поставувањето на имплантите во самото оформено место, лежиште за имплантот, како и по поставувањето на имплантот.

Исто така, површината на имплантот ќе се натопи во плазма.

За оваа работа ќе ни биде потребна и ќе користиме центрифуга со соодветни спецификации од дадената фирма или производител (марка DRAGON DM 400

(Слика 5).

Слика 5. Центрифуга со соодветна спецификација за вртежи по минута

3. На интраоперативен клинички макроскопски преглед, на предвидените места за поставување на денталните импланти во долна вилица (со парцијална или тотална беззабост), ќе се користи системот за стандардизираната класификација за градација на атрофија на коска на мандибула според Лекхолм и Зарб (**Lekholm and Zarb)** од 1985 год. (Слика 6), каде што нивото на алвеоларен гребен ќе биде соодветно **евидентирано** од **најмалку две независни лица** со минимум 3-годишно работно искуство **од областа на стоматологија** или **орална хирургија и радиографски потврдени со 3Д-реконструктивен пресек на коскена густина и квалитет.**



Слика 6. Типови атрофичен алвеоларен гребен

A. Виртуелно интактен алвеоларен гребен
B. Минимална ресорпција на алвеоларен гребен
C. Напреднат стадиум на ресорпција до основата на денталниот лак
D. Иницијална ресорпција на основата на денталниот лак
E. Екстремна ресорпција на основата на денталниот лак

Орално-хируршките интервенции спроводна користејќи инструменти за остеотомија со адекватна иригација на оперативно поле. Хируршкиот флеп ќе финализира со сутурирање на 3/0 нересорптивен хируршки конец, а нивно отстранување ќе се изврши минимум 7 дена од интервенцијата.

Самата површина на овој тип импланти придонесува за избегнување на дополнителна аугментација на коскено-ткивниот комплекс, креирајќи можности за нивна примена и кај значително атрофиран алвеоларен гребен.

Слика 7. Дентален имплант

4. Мерење на примарна и секундарна стабилност на имплантите

По завршување на орално-хируршката процедура ќе се мери стабилноста на поставените дентални импланти со помош на апарат Penguin^{RFA} (Слика 7) и тоа на денот на интервенцијата, по 4 недели од поставување на денталниот имплант и формирање на сулкус со сулкус формер и по 4 недели од формирање на сулкус формер, т.е. по 8 недели од поставување на денталниот имплант.

Слика 8. Апарат за мерење на осеоинтеграција и микробилност на имплантите

Системот за мониторирање на осеоинтеграција и микромобилност – „Penguin“ претставува неинвазивно-безжична дијагностичка метода за објективно мерење и следење на имплантната стабилност кај пациенти, користејќи ја резонантната фреквенција од „MulTipeg“ на ниво на вибрации преку мануелен трансдуцер со специфичен пластичен водач, добивајќи релевантни информации со опсег на линеарно нумерирана скала (Слика 8) од 1-99, т.н. количник на имплантната стабилност.



Слика 9. Скала за процена на резултати добиени со апаратот за стабилност на дентални импланти

Вредностите прикажани на горенаведената слика ни го појаснуваат градуирањето на резултатите кои ќе ги добиеме од системот за мониторирање на осеоинтеграција и микромобилност за поставените дентални импланти. Оваа скала е стриктно наменета и се препорачува да се користи кај **едно-фазно** и **имедијантно** имплантирање, додека испитувањето на секундарната стабилност – осеоинтеграција се сугерира да се изврши

пред аплицирање на крајниот продукт – финална реставрација и супраструктура (Слика 10).



Слика 10. Скала за анализа на количник на имплантна стабилност

Постоперативните клинички знаци од типот наболна состојба, постоперативен оток/едем и ограничена способност за отворање на устата – тризмус ќе бидат следени и тоа 6 часа постоперативно, 24 часа постоперативно, 3 и 7 ден.

На пациентите подложни на имплантна терапија, со или без локална апликација на автологно концентрирана плазма, ќе им биде ординирана антибиотска терапија 2 дена пред и 3 дена по интервенцијата.

Соодветно, на сите пациенти ќе им бидат дадени хигиено-диететски инструкции за адекватен орално-хигиенски протокол, со препораки за евентуална ограничена физичка активност и мирување по потреба.

ФОРМУЛАР ЗА ИНФОРМИРАЊЕ И СОГЛАСНОСТ НА ПАЦИЕНТОТЗА ХИРУРШКА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Јас,

_____,

име, презиме, година на раѓање, адреса на живеење)

Со, лич.кар.бр.: _____ , од: _____

Објаснето ми е дека хируршката процедура која ќе ми се изведе е изборна и појаснето ми е дека постојат и други слични процедури. Докторот исто така ми објасни за постојните ризици како на пример:

- Пост-оперативен оток кој може да потрае неколку дена
- Продолжено крварење и болка
- Пост-оперативни инфекции кои бараат понатомошен третман
- Аспирација или голтање на инструменти
- Ограничено отварање уста кое може да потрае неколку дена
- Повреда на околните ткица и забите
- Фрактура на вилица
- Повреда на виличниот зглоб
- Повреда на одредени нерви кое може да предизвика втрнатост на образот, усната, јазикот и тоа чуство може да трае неколку дена, недели, а понекогаш да биде и перманентно.

Јас, го прочитав и целосно го разбрав горе наведениот формулар. Целосно сум свесен/на дека кај хируршките интервенции нема гаранција за успешност и дека можеби ќе треба да земам дополнителна медикаментозна терапија по интервенцијата.

Детално и целосно го информирав докторот за мојата здравствена состојба како и за медикаментите кои претходно или сега ги користам. Исто така детално го информирав и за сите претходни мои заболувања, алергии и лекувања.

Потврдувам дека сум запознат/а со карактерот на процедурата. Разјаснети ми се и потполно сум свесен/на за текот и особеностите на претстојноотиспитување и подолу писмено го потврдувам тоа и исто така се согласувам за извршување на хируршката интервенција.

Датум: _____

Потпис на пациент/законски старател

_____

Потпис на докторот

_____

Забелешка: _____

Статистичка анализа

Податоците добиени со истражувањето ќе бидат обработени во соодветни статистички програми, прикажани табеларно и графички.
Би можеле да се користат следниве статистички анализи:

- стандардни дескриптивни и аналитички методи,
- нумеричките серии ќе се анализираат со методите на централна тенденција. Ќе се споредуваат и просечните вредности на нумеричките серии. Ќе се користат и тестови за одредување,
- ќе се утврди и евентуална асоцијација меѓу одредени белези во групата испитаници, односно утврдување на сигнификантноста на анализираните разлики меѓу одредени статистички серии,
- исто така, ќе се утврдува и корелацијата меѓу зависните и независните варијабли односно белези,
- ќе се утврдува и сигнификантноста на разликите,
- ќе се одреди и ниво на сигнификантност.

Собраните податоци ќе бидат соодветно статистички обработени со помош на следниве статистички методи:

1. Формирање на базни податоци преку компјутерски програми за таа намена. Нивната обработка ќе биде извршена со помош на стандардни дескриптивни и аналитички биваријантни и мултиваријантни методи.
2. Нумеричките серии ќе се анализираат со мерки на централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоци додека веројатноста за асоцијацијата меѓу дистибуциите на фреквенциите на атрибутивните варијабли ќе се процени со хи-квадрант тестот.
3. "R"вредноста за статистичка значајност ќе биде одредена да биде 0,05
4. Резултатите ќе бидат табеларно и нумерички претставени.

Содржина:

THE EFFECT OF PLATELET-RICH PLASMA UPON IMPLANT SECONDARY STABILITY MEASURED BY RESONANCE FREQUENCY ANALYSIS IN THE LOWER JAW 2

Ортолани (Ortolani) и сор.[26] во 2014 година направиле анализа од ефектот на PDGF, IGF-1 и PRP во однос на остеоинтеграција на денталните импланти. Микроскопските пресеци на денталните импланти третирани со ПРП покажале значително и обемно присуство на депозити на фибробластно ткиво околу имплантот со бројни митотични клетки. Имунохистохемиските анализи упатувале на позитивно присуство или факција на хондробласти и остеобласти во остеоидниот матрикс со фокуси за позитивна остеоинтеграција.[13]

Во трудот на Пеев и Атанасов (Peev & Atanasov)[27], била проучувана секундарната стабилност кај вкупно 86 дентални импланти со или без апликација на ПРП кај 21 пациент. Имплантната стабилност била мерена со помош на резонантна фреквентна анализа. Денталните импланти, кои биле третирани со ПРП, покажале повисоки резултати за примарна стабилност во однос на групата пациенти без ПРП. Нивниот резултат упатува на фактот и можноста да се разгледа за секојдневна примена на ПРП, кога таа е индицирана кај соодветни пациенти, бидејќи според нив тромбоцитниот концентрат претставува акцелератор за обезбедување на секундарна стабилност кај имплантите.[13]

.....Самата површина на овој тип импланти придонесува за избегнување на дополнителна аугментација на коскено-ткивниот комплекс, креирајќи можности за нивна примена и кај значително атрофиран алвеоларен гребен 24

1. Првичен опис на примерок. 31

2. Разлика помеѓу ПРП-група испитаници и контролна група во однос на статистичките параметри.....35

3.1 Анализа на групи (стабилност на дентални импланти) според статистички одредувана аритметичка средина.....38

3.2 Разлика во групата пациенти каде што е користена/аплицирана плазма збогатена со тромбоцити 40

3.3 . Разлика на пациенти со поставени дентални импланти во контролната група...42

4. Разлика во параметрите што се однесуваат на субјективно чувство на болка во сите временски интервали.....44

4.1 . Разлики во вкупниот примерок за анализа на испитаници 45

4.2 . Приказ на разлики во ПРП-група испитаници.....47

4.3 . Разлики во контролната група испитаници, без аплициран ПРП 49

5. Стабилност на денталните импланти и приказ на варијабли од интерес 52

5.1 . Возрасна група и стабилност на денталните импланти 52

5.2 . Густина на коска и стабилност на дентален имплант 53

5.3 .Тип алвеоларен гребен и стабилност на дентален имплант/и 56
6. Анализа на болка и варијабли од статистички интерес 59
6.1 . Анализа на возрасна група и болка кај испитаници 59
6.2 . Корелација на густина на коскено ткиво со интензитет на болка.....60
6.3 .Тип алвеоларен резидуален гребен и субјективно чувство на болка.....63

Статистички анализи со кои е анализиран примерокот испитаници 67

1. Peev, Stefan; Atanasov, Dimitar; Platelet-Rich Plasma-An Accelerator of The Secondary Stability of Immediate Loaded Implants, Journal of IAMB-Annual Proceeding, 2, 38-40, 2007.....81
2. Ioannis Georgakopoulos; Stavros Tsantis; Panagiotis Georgakopoulos; Panagiotis Korfiatis; Elena Fanti; Marialaura Martelli; Lena Costaridou; Theodoros Petsas; George Panayiotakis; Francesco Saverio Martelli. The impact of Platelet Rich Plasma (PRP) in osseointegration of oral implants in dental panoramic radiography: texture based evaluation.....81

1. Првичен опис на примерок

Табела број 1. Структурна распределеност

		f	%
Група	Пациенти СО плазма*	32	53,3
	Пациенти без плазма**	28	46,7
	Тотал	60	100,0

χ^2=0,267, df=1, p=0,606

f =фреквенција, %=процент;

*ПРП-група, **контролна група

D3 и D4 = не се вклучени во анализата бидејќи се евидентирани само 2 пациенти со таков тип коска. N=број на испитаници, M=аритметичка средина, SD=стандардна девијација, F=ANOVA-тест, p=статистичка значајност.

Статистички значајна разлика не е утврдена, освен тоа што се востанови речиси идентичен степен на болка според ВАС-скалата и АНОВА-тестот кај Д1 и Д2 густина на коскено ткиво.

Табела број 38. Густина на коска и субјективно чувство на болка, контролна група

		N	M	SD	95% Confidence Interval for Mean		F	p
					Lower Bound	Upper Bound		
Болка_по 6 часа	D1	18	2,3889	,60768	2,0867	2,6911	0,669	0,579
	D2	8	2,2500	,46291	1,8630	2,6370		
	Тотал	28	2,3571	,55872	2,1405	2,5738		
Болка_по 24 часа	D1	18	3,2778	,95828	2,8012	3,7543	2,980	0,051
	D2	8	2,3750	,51755	1,9423	2,8077		
	Тотал	28	3,0000	,94281	2,6344	3,3656		
Болка_3 ден	D1	18	3,1667	,85749	2,7402	3,5931	0,070	0,976
	D2	8	3,0000	1,06904	2,1063	3,8937		
	Тотал	28	3,1071	,87514	2,7678	3,4465		
Болка_7 ден постоперативно	D1	18	1,7778	,64676	1,4562	2,0994	0,717	0,551
	D2	8	1,5000	,75593	,8680	2,1320		
	Тотал	28	1,6786	,66964	1,4189	1,9382		

D3 и D4 = не се вклучени во анализата бидејќи се евидентирани само 2 пациенти со таков тип коска. N=број на испитаници, M=аритметичка средина, SD=стандардна девијација, F=ANOVA-тест, p=статистичка значајност.

Статистички значајна разлика не е утврдена, освен што е прикажан идентичен степен или сличен степен на болка кај Д1 и Д2 контролната група испитаници.

6.3 . Тип алвеоларен резидуален гребен и субјективно чувство на болка

Табела број 39. Аналитички пресметки кај сите испитаници

		N	M	SD	95% Confidence Interval for Mean		F	p
					Lower Bound	Upper Bound		
Болка_по 6 часа	А	36	2,0833	,64918	1,8637	2,3030	0,583	0,561
	Б	14	2,0714	,47463	1,7974	2,3455		
	Ц	10	2,3000	,48305	1,9544	2,6456		
	Тотал	60	2,1167	,58488	1,9656	2,2678		
Болка_по 24 часа	А	36	2,5000	,69693	2,2642	2,7358	3,780	***0,029***
	Б	14	2,8571	1,02711	2,2641	3,4502		
	Ц	10	3,2000	,42164	2,8984	3,5016		
	Тотал	60	2,7000	,78762	2,4965	2,9035		
Болка_3 ден	А	36	2,8611	,96074	2,5360	3,1862	11,417	***0,000***
	Б	14	2,4286	,64621	2,0555	2,8017		
	Ц	10	4,0000	,02000	4,0000	4,0000		
	Тотал	60	2,9500	,94645	2,7055	3,1945		
Болка_7 ден постоперативно	А	36	1,3611	,54263	1,1775	1,5447	7,921	***0,001***
	Б	14	1,3571	,49725	1,0700	1,6442		
	Ц	10	2,1000	,56765	1,6939	2,5061		
	Тотал	60	1,4833	,59636	1,3293	1,6374		

N=број на испитаници, M=аритметичка средина, SD=стандардна девијација, F=АНОВА-тест, p=статистичка значајност.

АНОВА-тестот покажува дека постои значајна разлика помеѓу сите три групи резидуален алвеоларен гребен и тоа 24 часа постоперативно (F=3,780, p=0,029), 3 (F=11,417, p=0,000) и 7 дена постоперативно (F=7,921, p=0,001). Значаен интензитет на болка е евидентиран кај испитаници со тип Ц на алвеоларен гребен (M=3,20±0,42), и тоа 24 часа постоперативно, додека најмал степен на болка е присутен кај тип А – алвеоларен гребен (M= 2,50±0,69). По 7 дена од изведената операција, т.е. по поставување на денталните импланти, интензитетот на болка континуирано се намалува.

Табела број 40. Тип алвеоларен гребен и субјективно чувство на болка, ПРП-група

		N	M	SD	95% Confidence Interval for Mean		F	p
					Lower Bound	Upper Bound		
Болка_по 6 часа	А	20	1,8500	,58714	1,5752	2,1248	0,904	0,416
	Б	7	1,8571	,37796	1,5076	2,2067		
	Ц	5	2,2000	,44721	1,6447	2,7553		
	Тотал	32	1,9063	,53033	1,7150	2,0975		
Болка_по 24 часа	А	20	2,4500	,51042	2,2111	2,6889	8,568	***0,001***
	Б	7	2,0000	,03000	2,0000	2,0000		
	Ц	5	3,0000	,02000	3,0000	3,0000		
	Тотал	32	2,4375	,50402	2,2558	2,6192		
Болка_3 ден	А	20	2,8000	1,00525	2,3295	3,2705	8,817	***0,001***
	Б	7	2,0000	,18000	2,0000	2,0000		
	Ц	5	4,0000	,21000	4,0000	4,0000		

	Тотал	32	2,8125	,99798	2,4527	3,1723		
Болка_7 ден постоперативно	А	20	1,3000	,47016	1,0800	1,5200	5,438	***0,010***
	Б	7	1,0000	,03000	1,0000	1,0000		
	Ц	5	1,8000	,44721	1,2447	2,3553		
	Тотал	32	1,3125	,47093	1,1427	1,4823		

N=број на испитаници, M=аритметичка средина, SD =стандардна девијација, F=АНОВА-тест, p=статистичка значајност.

Според АНОВА-тестот, степенот на болка по 24 часа е F=8,568, p=0,001, по 3 дена постоперативно F=8,817, p=0,001 и по 7 дена тој изнесува F=5,438, p=0,010.

Најголем степен на болка по 24 часа е забележан кај тип Ц на алвеоларен гребен (M=3,00±0,03), следен е тип А (M=2,45±0,51) и со најмал интензитет на болка се испитаниците со алвеоларен гребен тип Б (M= 2,00±0,03). По 3 дена кај групата Ц сè уште постои најголем степен на интензитет на болка (M=4,00±0,21), но по 7 дена интензитетот на болка континуирано се намалува со највисока вредност кај тип Ц на алвеоларен гребен (M=1,80±0,44).

Табела број 41. Тип алвеоларен гребен и субјективно чувство на болка, контролна група

		N	M	SD	95% Confidence Interval for Mean		F	p
					Lower Bound	Upper Bound		
Болка_по 6 часа	А	16	2,3750	,61914	2,0451	2,7049	0,075	0,928
	Б	7	2,2857	,48795	1,8344	2,7370		
	Ц	5	2,4000	,54772	1,7199	3,0801		
	Тотал	28	2,3571	,55872	2,1405	2,5738		
Болка_по 24 часа	А	16	2,5625	,89209	2,0871	3,0379	5,609	***0,010***
	Б	7	3,7143	,75593	3,0152	4,4134		
	Ц	5	3,4000	,54772	2,7199	4,0801		
	Тотал	28	3,0000	,94281	2,6344	3,3656		
Болка_3 ден	А	16	2,9375	,92871	2,4426	3,4324	3,865	***0,034***
	Б	7	2,8571	,69007	2,2189	3,4953		
	Ц	5	4,0000	,02000	4,0000	4,0000		
	Тотал	28	3,1071	,87514	2,7678	3,4465		
Болка_7 ден постоперативно	А	16	1,4375	,62915	1,1022	1,7728	5,167	***0,013***
	Б	7	1,7143	,48795	1,2630	2,1656		
	Ц	5	2,4000	,54772	1,7199	3,0801		
	Тотал	28	1,6786	,66964	1,4189	1,9382		

N=број на испитаници, M=аритметичка средина, SD=стандардна девијација, F=АНОВА-тест, p=статистичка значајност.

Според статистички анализираните податоци кај АНОВА-тестот, се покажува дека по 24 часа постоперативно се следниве параметри: F=5,609, p=0,010, по 3 дена F=3,865, p=0,034 и 7 дена постоперативно F=5,167, p=0,013. Со најголем степен на болка, по 24 часа се испитаниците со тип-Б (M=3,71±0,75), потоа следуваат испитаници со тип Ц (M=3,40±0,54), а најмал интензитет на болка покажуваат испитаниците со тип А (M= 2,56±0,89). По 3 дена, пациенти со алвеоларен гребен тип Ц имаат највисок степен –

интензитет на болка според ВАС-скала (М=4,00±0,02), а потоа следуваат испитаници со тип А (2,93±0,92).

Статистички анализи со кои е анализиран примерокот на испитаници

Статистичката обработка на овие резултати е според методите на дескриптивната статистика и тестирање на хипотеза.

За опис на параметрите, користени беа проценти, фреквенција, средна аритметичка средина (М). Како мерка на отстапување од просекот беше користена стандардна девијација (СД). Прикажана е и минимална и максимална вредност на нумерички варијабли. Видот на статистичките тестови е условен со карактерот на собирање податоци (категоријални или нумерички варијабли). Нивото на сигнификантна значајност е обележано како $p<0,05$.

За тестирање на разлики помеѓу параметрите, користена беше еднофакторска анализа според АНОВА-тест. Во одредени случаи каде што се потврдени статистички значајни разлики помеѓу модалитетите на категорички варијабли беше користен Post Hoc Test. За разликите меѓу два модалитета за квалитативна варијабла на дадено нумеричко тестирање на независни примероци се користеше т-тест. Хи-квадрат тестот беше употребуван во меѓусебниот однос на две категорички варијабли. Статистичката обработка на податоците беше изведена преку SPSS ver. 25.0 (Statistical Pasckage for the Social Sciences) за „Виндоус“.

ДИСКУСИЈА

Стабилноста на денталните импланти претставува еден од најважните параметри кои влијаат и се индикатор за рано оптоварување на имплантот, а воедно влијаат врз успешноста во остеоинтегративниот процес со коскената структура и географската површина на самиот имплант. Повеќето студии што ја испитувале стабилноста на денталните импланти, основана врз т.н. ISQ-количник на стабилност, упатуваат на тоа дека имплантот со вредност од ISQ<49, добиена постоперативно, не би требало да подлежи на следниот чекор, а тоа е протетско оптоварување, што, всушност, претставува обратнопропорционално за вредностите со ISQ>54. Тоа што, всушност, повеќето автори сакаат да напоменат се однесува на примарната ниска стабилност мерена со соодветен инструмент/апарат – и таа треба внимателно да се разгледа со времето за адекватна протетска рехабилитација, сè со цел да се превенира механична траума и/или инфекција на имплантното лежиште.

Процесот на заздравување на рана и овозможување на коскена регенерација претставува еден вид оркестар на биолошки секвенци регулирани од мултипни фактори, кои влијаат врз коскеното зараснување кое е круцијално за да се обезбеди соодветна стабилност на имплантното лежиште. За да се промовира и поттикне рана остеоинтеграција со квалитативна коскена формација, фирмите, а и повеќето истражувачи предложиле повеќе видови модификации на денталниот имплант, кој, од друга страна, ќе обезбеди максимален коскено-имплантен контакт за целиот период, сè до моментот на протетичко оптоварување.

Што се однесува до коскено-имплантната површина (обезбедување на максимален контакт со коската), повеќето автори во своите истражувања се обидувале да влијаат во подобрување на тој контакт со коската и да ја подобрат прогностичката вредност, и тоа преку обезбедување на поголема вредност за ISQ постоперативно на долгорочен план. Модификациите на површината на денталните импланти претрпувале повеќе измени, а преку тоа се вреднувал степенот на успех, клинички перформанс со биолошки промени во коскената остеоинтеграција.

Самиот процес (хируршки метод) на аплицирање на дентален имплант-биоматеријал, претставува инволвирање на артифициелен материјал во рана, како вид на страно тело, кое понатаомошно ќе предизвика имунолошки и инфламаторно-воден механизам во оралната празнина кај пациентот со индикација за реставрација на максило-мандибуларен сооднос. Денталниот имплант го обезбедува својот прв контакт во човековиот организам - реципиентот (т.е. орална празнина) преку крвта.

Еден од новитетите во оралната имплантологија кои се користат во поновата историја е, всушност, примената на автологен тромбоцитен концентрат (ПРП) на самата површина на денталниот имплант и тоа веднаш пред неговото аплицирање во имплантното лежиште. Стимулативниот ефект на автологна плазма збогатена со тромбоцити се согледа во пролиферација на остеобласти, докажани преку повеќе ин витро студии. Пионерите и основачите на идејата за клиничка и апликативна примена на тромбоцитен концентрат го појаснуваат ефектот на ПРП со тоа што автологната плазма содржи концентрат на повисоки вредност на тромбоцити, проинфламаторни цитокини и леукоцити кои можат да влијаат врз ангиогенезата и пролиферација на ново прематурно коскено ткиво. Негативниот ефект на првата генерацијаплазма збогатена со тромбоцити е во минималното количество фибриноген, иако содржи висока концентрација на тромбоцити. Според првиот иноватор во овој автологен концентрат, α-гранулите ги ослободуваат факторите на раст во првите 3-5 дена од активација на тромбоцитите и нивната стимулација се согледа во пролиферативната фаза по 10 дена од апликација. Всушност, тие фактори на раст го активираат, т.е. акцелерираат процесот на заздравување само кога нивното ниво е функционално со достигнат степен на тромбоцитен концентрат, кој пак ќе влијае во синтезата на колаген и α-гранули преку иницијално формирање на калус во коскено ткиво. Тромбоцитите (бели крвни плочки) опстојуваат 7-10 дена и се во колизија со другите тромбоцити, формирајќи стабилна фибринска мрежа со стабилен чеп/тромб. Процесот на заздравување претставува сложен процес помеѓу имунолошкиот систем и повеќе клетки, меѓу кои се вбројуваат и тромбоцитите. Пионерот д-р Маркс, во 1998 година, првпат апликативно ја применува ПРП како основа која го потпомага реконструктивниот графт на коскена подлога. Според него, локалната апликација на концентрирани фактори на раст добиени со помош на центрифугална техника/метод го потпомага и потенцира ослободувањето на FGF-β и VEGF, чија улога е да го промовира ангиогенетскиот и неоваскуларен потенцијал преку неутрофилна миграција во васкуларното

Хипотезата во нашето испитување, поставена како постулат, се темели врз локална употреба, т.е. апликативна примена на ПРП на површината од имплантот, а сè со цел да се испита влијанието (позитивно/негативно) врз стабилноста на денталниот имплант (примарна и секундарна стабилност). За добивање на крајниот продукт беа запазени сите асептични предуслови за добивање на __ml течна крв од антекубитална вена. За секој пациент се користеше автологен тромбоцитен концентрат. По добивањето на крвта, таа беше трансферирана во стерилен вакунтејнер кој содржи 0.5 ml 3.2% содиум цитрат чие

дејство се темели врз принципот на антикоагулантност. Самата епрувета беше подложна на методот на центрифугирање и тоа ____rpm во времетраење од _минути со краен продукт како сепарирана плазма и тромбоцити од венепункција. Непосредно пред поставување на денталниот имплант, ПРП-продуктот беше активиран со еквивалентен волуменски концентрат од 10% $CaCl_2$. Преку обезбедување на стандарден хируршки протокол, метод и техника на оперативно поле со локална анестезија беа формирани лежиштата на денталните импланти. Површината на денталните импланти во нашето истражување беше во форма на цилиндар и кај дел од нив (32 импланти), површината беше циркумферентно обложена со тромбоцитниот концентрат, добиен преку центрифугирање на венската крв.

Во нашето истражување вкупно беа поставени 60 импланти, од кои кај 32 дентални импланти е аплицирана ПРП, а другите 28 беа без тромбоцитен концентрат. Веднаш по поставувањето на денталните импланти во нивното лежиште, со помош на пингвин-системот за проследување на имплантна стабилност, беше мониторирана стабилноста на поставениот имплант во 2 перпендикуларни насоки и тоа: мезиодистално и орофацијално, два пати во иста насока. Мерењата беа повторувани неколкупати, всушност, постоперативно, по 4 и 8 недели од нивното поставување. Во групата испитаници (32) каде што беше користена автологна плазма збогатена со тромбоцити, примарните мерења упатуваа на повисоки мерења во однос на стабилноста на денталните импланти, и тоа: постоперативно 79.59; по 4 недели со просечна вредност од 80.46 и по 8 недели (период што го сметаме за постигнување на нивото на остеоинтеграција) просечната вредност со помош на пингвин-мултисистемот е нумерирана како 84, а тоа нè упатува на задоволителна стабилност и можност за благовремено оптоварување на денталниот имплант. Вредностите во нашето испитување, добиени со помош на апаратот кај испитаниците во контролната група пациенти (без апликативна примена на плазматичен концентрат), се следни: постоперативна просечна вредност од 77.50; по 4 недели изнесува 78.53; по 8 недели 82,5. Според пингвин-системот за анализа на примарна и секундарна стабилност, секоја вредност над 70 добиена и мерена во повеќе правци во однос на мултипегот нè упатува на незначителни микродвижења во однос на целата должина на денталниот имплант и избегнување на ризик за отфрлање и

неприфаќање на имплантот кај пациентите. Резултатите анализирани во овој магистерски труд сугерираат дека и кај двете групи пациенти (кај ПРП и кај контролната група) се добиени задоволителни просечни вредности со помош на количникот за имплантна стабилност, но треба да напоменеме дека кај испитаниците со автологен плазматичен концентрат, вредностите се повисоки во сите три мерни временски периоди.

Според поновите литературни испитувања, архитектурата на плазмата збогатена со тромбоцити содржи тетра молекули со силно-назначен тромбоцитен концентрат, задебелување на фибринските полимери и формирање на ригидна мрежа неповолна за цитокинските рецептори и клеточна миграција. Според **Plachokova** и испитаниците, влијанието на ПРП во пародонталната хирургија е од голем бенефит во третманот на периодонталните дефекти. Од друга страна, **Kotsovilis** и соработници, добиле различни финални резултати во однос на влијанието на тромбоцитниот концентрат заедно во колизија со различни биоактивни материјали, сугерирајќи ја специфичната селекција на состојките во ПРП. Во мета-анализата на **Bae** и соработници, тие сугерираат дека постои суфициентна евиденција во формирање на ново коскено ткиво (користејќи го плазматичниот концентрат како автологен графт материјал). Кај повеќе автори и нивни испитувања (**Anitua EA**, [ ] **Anand U**, [ ] & **Manimaran** et al., [**Froum SJ** et al., [ ] **Garcia RV** et al., [ ] and **El−marssafy** et al., [ ]), сигнификантни промени во густината на коскеното ткиво се добиени со користење на тромбоцитниот концентрат, почнувајќи со анализа од постоперативниот временски интервал, па сè до три месеци.

Од друг аспект, анализирајќи ги експерименталните студии поврзани со апликативната примена на плазматичен концентрат, повеќето автори го потенцираат позитивниот ефект во подобрување на коскениот квалитет, овозможувајќи сигнификантно подобрена коскена регенерација во споредба со изолирана апликација на автологен коскен графт (**Hakimi** и сор., **Yamada** и сор., **Han** и сор., **Giovanini** и сор., **Sanchez** и сор.).

Локалната апликација на тромбцитен концентрат за време на поставување на дентални импланти, претставува релативно едноставен и симплифициран метод кој може да придонесе во обезбедување на ран импланто-осеален контакт. Според **Glauser** и сор., 21] **Calandriello** и сор.,.[22] **Abboud** и сор., [23] и **Donati** и сор., 24], во нивните студии чија цел била согледана во имедијантното оптеретување на дентални импланти во дистални сегменти на долна вилица, каде веројатноста на максималниот мастикаторен ефект е токму на тие анатомски регии, сугерираат дека биоактивниот потенцијал на тромбоцитниот концентрат може да влијае директно или индиректно преку повеќе селектирани фактори, а дел од нив се: внимателна селекција на имплантно лежиште, компјутерска анализа на коскен квалитет и квантитет се со цел да се обезбеди соодветна

должина на имплантот, обезбедување на задоволителна примарна стабилност на поставените импланти и исклучување на високо-ризични пациенти со компромитирано здравје, кое може да влијае на примарна и секундарна стабилност.

Анализирајќи ги резултатите според типот алвеоларен гребен кај испитаниците, интраоперативно проследени, според веќе познатата градација на Лекхолм и Зарб (**Lekholm and Zarb)** од 1985 год., на градуирана скала од D1-D4, почнувајќи од минимално ресорбиран алвеоларен гребен, па сè до значителна ресорпција и спонгиозен коскен дел – кој е неповолен при поставување и обезбедување на иницијален остеоинтегративен процес. Тип алвеоларен гребен во овој магистерски труд е опишан во горенаведениот текст како дел од градуиран степен на ресорпција (A-E). Овие параметри, кои ги споменавме во текстот, беа дел од испитувањата на нашиот труд компаративно анализирани кај ПРП и контролната група пациенти. Најголем број од пациентите (во групата со ПРП) имаа густина на коска Д1 (22 пациенти) и Д2 (8 пациенти), со примарна стабилност од 79.6 и 79.5 просечна вредност, секундарна стабилност со 80 и 81 просечна вредност и стабилност на дентален имплант по 8 недели со просечна вредност од 84 кај сите пациенти од групата каде што е аплициран тромбоцитен концентрат. Контролната група пациенти (вкупно 28), со густина на коска Д1 (18 пациенти) и Д2 (8 пациенти) ги поседуваа следниве статистички анализи: за примарна стабилност 77 и 78.3, за секундарна стабилност 78.7 и по 8 недели вредност во рамките на 82.2-85.6 просечен имплантен количник добиен со -пингвин-апаратот за резонантна фреквентна анализа.

Во досегашната студија, се надеваме дека биоактивниот потенцијал на автологната плазма има позитивно влијание во постигнувањето на горенаведените резултати кои одат во прилог на нормализирање на процесот на епителизација на мукозното ткиво, заедно со ендотелните клетки и фактори на раст кои дејствуваат привремено во фаза на цитокинска бура (доколку е испровоцирана од локални, но и од системски фактори од имунолошкиот механизам кај домаќинот), следејќи го остеоиндуктивниот процес на формирање фибрин и реорганизација на остеоиндуктивниот потенцијал на факторите на раст. Дел од трудовите достапни во светската литература нè упатуваат токму на тоа сценарио, каде што покрај аплицирањето плазматичен концентрат се запазуваат и принципите за имедијантно и/или одложено оптоварување кај самиот имплант, во зависност од мастикаторната сила. Во нашата студија прикажавме разлики во однос на субјективното чувство на болка, анализирано според ВАС-градуираната скала, кај испитаниците со ПРП и контролната група пациенти. Кај нашите пациенти, прагот на болка според ВАС-скалата го достигна својот пик по 3 дена со просечна вредност од 2.81

кај ПРП-групата испитаници, додека, пак, кај контролната група субјективното чувство на болка изнесуваше 3,0 просечна вредност, регистрирана по 3. ден од поставување на денталните импланти.

Лимитираните податоци кај овој магистерски труд може да ги согледаме во фактот на отсуство на хистопатолошка анализа и верификација на трансформирачките фактори на раст, вклучително и епидермалните ангиогенетски васкуларни сегменти и фибробласти со присуство на периферни мононуклеарни клетки, гранули на тромбоцитни клетки, анализирани од биолошки аспект, кои имаат клучна улога во процесот на заздравување на коскено или друг вид ткиво. Сепак, можноста да се испита влијанието на тромбоцитниот концентрат врз стабилноста на денталните импланти со помош на софистициран апарат (Penguin), кој е сензитивен на микродвижења по принципот на резонантна фреквентна анализа, ни овозможи да осознаеме, од објективна гледна точка, статистички анализирано и потврдено апликативно дејство на автологен графт-материјал во течна форма. Идејата за дополнителни истражувања на ова поле ја согледуваме во повеќето можности за хистопатолошка верификација и имунохистохемиска анализа на тромбоцитниот концентрат и желбата за дополнителни истражувања и испитувања на полето на орално-хируршките концепти во имплантологијата.

Во студијата на Ананд и Мехта (**Anand U** & **Mehta DS**), вкупно биле анализирани 11 пациенти со парцијална беззабост во дистален сегмент на долна вилица. Целта на таа студија била да се процени и анализира рендгенграфски меките и коскените промени кај имедијантно поставени дентални импланти, претходно обложени со биоактивиран тромбоцитен автологен концентрат. Имплантите биле проследени во тек на 12 месеци, компаративно споредувајќи ги параметрите добиени за одреден временски период. Во тек на анализа на првите 12 месеци бил забележан 100% успех кој се однесува на остеинтегративниот процес на имедијантно поставените дентални импланти со задоволителна периимплантна епителизација без клинички знаци за присуство на инфекција. Минималното ниво на загуба на коска околу имплантот, во однос на мезијална и дистална површина, било анализирано од повеќе автори: Глаусер (**Glauser** et al.) Каландриело (**Calandriello** et al.), Абод (**Abboud** et al.) и Донати (**Donati** et al.). Тие посочуваат дека максималниот 100% успех на остеоинтеграција се должи на повеќе фактори, меѓу кои се вбројува и локалната топикална апликација на автологен тромбоцитен концентрат, кој влијае врз рано зараснување и обезбедување максимален коскено-имплантен контакт. Рену Кунду и Ману Рати (**Renu Kundu** & **Manu Rathee**) го користеле тромбоцитниот концентрат од автологна плазма на различни топографски површини на дентални импланти, сè со цел да го евалуираат ефектот на плазмата збогатена

со тромбоцити врз имплантната стабилност. Кај вкупно 30 поставени дентални импланти, статистички значајна разлика е утврдена помеѓу групата импланти со користена автологна плазма, и тоа за време на имедијантното мерење со помош на периотест. Меѓутоа, авторите посочуваат дека резултатите добиени по 1 и 3 месеци, а се однесуваат на имплантната стабилност, се статистички незначајни помеѓу двете групи (со и без ПРП), освен што е забележан синергистички ефект на влијанието на автологната плазма во одржување на нивото на висината на коскениот алвеоларен гребен.

Нашите заклучоци не се совпаѓаат со резултатите на Рену Кунду и Ману Рати, каде што покрај другите предности кои ги додал во неговата студија, сепак апликативната употреба на плазматичен концентрат не резултирал со позитивен исход во однос на секундарна стабилност на поставение импланти во долна вилица. Видјасагар (**Vidyasagar L)** и сор., во својата анимална студија, ја анализирал примарната стабилност, т.е. иницијалната стабилност на денталните импланти не покажала подобра стабилност во однос на секундарните мерења со помош на апаратот, користејќи фреквентна анализа преку радиобранови.

Кај Шилпи Гангвар (**Shilpi Gangwar**) и сор., мотивот за истражувањето била анализата на клиничка употреба и примена на плазматични фактори на раст кај пушачи каде што се поставени дентални импланти. Примерокот во неговата студија опфаќал вкупно 30 пациенти, кои биле рандомизирани во две групи: пациенти каде што била применета плазма со фактори на раст и втора група пациенти без плазматичен концентрат. За анализа биле применувани повеќе параметри и тие биле следени редоследно: стабилност на дентален имплант, болка, оток, тип на коска и радиографска интерпретација на поставените импланти. Примарната стабилност била мерена во неколку интервали: постоперативно, на 1, 3 и 6 месеци од поставување на имплантот. Според неговите добиени резултати, болката како параметар е позастапена во групата пациенти – пушачи каде што не е поставена плазма збогатена со тромбоцити, за разлика од втората група испитаници, каде што е забележана значителна стабилност со помош на апарат за радиофреквентна анализа. Авторите заклучиле дека е забележано подобрување на заздравување на рана кај пациентите каде што се користени плазматични фактори на раст со сигнификантно зголемување на просечната вредност за примарна стабилност во првите 2 до 4 недели од нивното поставување.

По ова следува дека нашите добиени резултати во овој магистерски труд се во корелација со дел од заклучоците добиени во студијата на Шилпи Гангвар, У.С. Пал, Сунита Синг, Р.К. Синг, Виба Синг, Лакшија Кумар (**Shilpi Gangwar, U. S. Pal, Sunita Singh, R. K. Singh, Vibha Singh, Lakshya Kumar**). Следствено на тоа, во литературата

ги најдовме следниве испитувања коишто се однесуваат на позитивниот исход од користење на плазма збогатена со тромбоцити врз ефектот на периимплантното лежиште: Фонтана (**Fontana et al.**), Ким (**Kim et al.**) и Фурст (**Fuerst et** al). Заедничко за горенаведената група автори е тоа што, сепак, постои статистичко значајно подобрување во поглед на имплантната стабилност како параметар, кој е земен во нивните студии со или без користење на плазматичен концентрат со фактори на раст. Студијата базирана од страна на Монов (**Monov** et al.) и Фурст (**Fuerst** et al.) резултира со несигнификантни статистички разлики помеѓу две групи, од кои во едната е употребена плазма збогатена со тромбоцити во долна вилица, особено во фронтален сегмент на беззаба долна вилица. Што се однесува до квалитетот и квантитетот на кортикалната и трабекуларната коска (која ја опфаќа и класификацијата според Лекхолм и Зарб од 1985 год.), повеќе автори (**Balleri P et al., Barewal RM et al., Bischof M et al., Nedir R et al., Oates TW et al., Dottore AM et al**.) во своите резултати пронаоѓаат сигнификантна поврзаност помеѓу типот на коска и количникот за имплантна стабилност преку кој се манифестира и резултатот од резонантната фреквентна анализа. Николидакис (**Nikolidakis**) и сор. посочуваат дека не постои тесна поврзаност помеѓу користењето плазматичен концентрат и ран одговор од страна на кортикалната коска, бидејќи течната форма на плазматичен концентрат дозволува само да се зголеми коскената апозиција околу самиот дентален имплант. Зекнер (**Zechner**) и група автори уште еднаш ја потврдуваат придобивката од апликативната употреба на плазма збогатена со тромбоцити, чија студија е во корелација со нашите резултати.

ЗАКЛУЧОК

1. Во ова истражување учествуваа N=32 испитаници со просечна возраст од M=54,91±10, 45 години, на кои им беа поставени вкупно 60 дентални импланти.
2. Од вкупниот број дентални импланти (60), кај 32 дентални импланти, покрај стандардниот хируршки протокол, се користеше и автологна плазма збогатена со тромбоцити како графт-материјал, додека кај 28 дентални
3. Според нашите резултати, денталните импланти, кои беа поставени со тромбоцитен концентрат, покажаа статистички сигнификантна разлика во стабилноста мерена со помош на Penguin-резонантна фреквентна анализа тоа во сите три временски периоди: постоперативно (p<0,01), по 4 (p<0,01) и 8 недели (p<0,01).
4. Што се однесува до болката – како параметар, мерена со помош на визуелна градуирана општоприфатена скала ВАС, на пациентите со аплициран тромбоцитен концентрат болката им беше нумерирана со градуирани пониски референтни вредности во однос на контролната група, и тоа: по 6 часа p(<0,01), постоперативно во првите 24 часа (p<0,01) и по 7 дена (p<0,05).
5. Резултатите покажуваат дека стабилноста на денталните импланти е статистички сигнификантна со повисоки вредности во однос на примарната и секундарната стабилност и по 8 недели од нивното поставување.

Статистички значајни разлики се забележани на целиот примерок на испитаници, но кај ПРП групата на пациенти

Референци

1. Kingsley CS. Blood coagulation; evidence of an antagonist to factor VI in platelet-rich human plasma. Nature. 1954 Apr 17; 173(4407):723-4.

2. Matras H Osterr Z. Effect of various fibrin preparations on reimplantations in the rat skin. 1970 Sep; 67(9):338-59.

3. Rosenthal AR, Egbert PR, Harbury C, Hopkins JL, Rubenstein E. Use of platelet-fibrinogen-thrombin mixture to seal experimental penetrating corneal wounds. Albrecht Von Graefes Arch Klin Exp Ophthalmol. 1978 Jul 17; 207(2):111-5.

4. Whitman DH, Berry RL, Green DM. Platelet gel: an autologous alternative to fibrin glue with applications in oral and maxillofacial surgery. J Oral Maxillofac Surg. 1997 Nov; 55(11):1294-9.

5. Chan CP, Lin CP, Chang MC, Hsieh CC, Hsu CC, Lin CL, Jeng JH. Effects of thrombin on the growth, protein synthesis, attachment, clustering and alkaline phosphatase activity of cultured human periodontal ligament fibroblasts. Proc Natl Sci Counc Repub China B. 1998 Oct; 22(4):137-43.

6. Reichert da Silva Assunção L, Colenci R, Ferreira do-Amaral CC, Sonoda CK, Mogami Bomfim SR, Okamoto R, de Assis Golim M, Deffune E, Percinoto C, Penha de Oliveira SH. Periodontal tissue engineering after tooth replantation. J Periodontol. 2011 May; 82(5):758-66.

7. Alissa R., Esposito M., Horner K., & Oliver R. (2010). The influence of platelet-rich plasma on the healing of extraction sockets: An explorative randomised clinical trial. European Journal of Oral Implantology, 3(2), 121–134

8. Anitua E., Murias-Freijo A., Alkhraisat M. H., & Orive G. (2015). Clinical, radiographical, and histological outcomes of plasma rich in growth factors in extraction socket: A randomized controlled clinical trial. Clinical Oral Investigations, 19(3), 589–600. 10.1007/s00784-014-1278-2

9. Mozzati M., Gallesio G., di Romana S., Bergamasco L., & Pol R. (2014). Efficacy of plasma-rich growth factor in the healing of postextraction sockets in patients affected by insulin-dependent diabetes mellitus. Journal of Oral and Maxillofacial Surgery, 72(3), 456–462. 10.1016/j.joms.2013.10.010

10. Hürzeler M, Fickl S, Zuhr O, Wachtel HC. Peri-implant bone level around implants with platform-switched abutments: preliminary data from a prospective study. J Oral Maxillofac Surg. 2007 Jul; 65(7 Suppl 1):33-9.

11. Marx RE. Platelet-rich plasma: evidence to support its use. J Oral Maxillofac Surg. 2004;62:489–496. doi: 10.1016/j.joms.2003.12.00

12. Zechner W, Tangl S, Tepper G, Fürst G, Bernhart T, Haas R, Mailath G, Watzek G. Influence of platelet-rich plasma on osseous healing of dental implants: a histologic and

histomorphometric study in minipigs. Int J Oral Maxillofac Implants. 2003 Jan-Feb; 18(1):15-22.

13. Zechner W, Tangl S, Tepper G, Fürst G, Bernhart T, Haas R, Mailath G, Watzek G. Application of platelet-rich plasma for enhanced bone regeneration in grafted sinus. J Oral Maxillofac Surg. 2012 Mar; 70(3):657-64.

14. Hegab A, Shuman M. Efficacy of Platelet-Rich Plasma in Reduction of the Resorption of the Alveolar Cleft Bone Graft. A Comparative Study. Dentistry. 2012;2(7):2161–1122

15. Peeran S, Alsaid F. Platelet Rich Plasma, Is It Of Use In Human Intrabony Periodontal Defects? International Journal of Science and Technology Research. 2013;2(3):5

16. Albanese A, Licata ME, Polizzi B, Campisi G. Platelet-rich plasma (PRP) in dental and oral surgery: from the wound healing to bone regeneration. Immun Ageing. 2013 Jun 13; 10(1):23.

17. Donati M, La Scala V, Billi M, Di Dino B, Torrisi P, Berglundh T. Immediate functional loading of implants in single tooth replacement: a prospective clinical multicenter study. Clin Oral Implants Res. 2008 Aug; 19(8):740-8.

18. Kumar NK, Shaik M, Nadella KR, Chintapalli BM. Comparative study of alveolar bone height and implant survival rate between autogenous bone mixed with platelet rich plasma versus venous blood for maxillary sinus lift augmentation procedure. J Maxillofac Oral Surg. 2015 Jun;14(2):417-22.

19. Kundu R, Rathee M. Effect of Platelet-Rich-Plasma (PRP) and Implant Surface Topography on Implant Stability and Bone. J Clin Diagn Res. 2014 Jun;8(6):ZC26-30.

20. Anand U, Mehta DS. Evaluation of immediately loaded dental implants bioactivated with platelet-rich plasma placed in the mandibular posterior region: a clinico-radiographic study. J Indian Soc Periodontol. 2012;16:89–95. doi: 10.4103/0972-124X.94612

21. Gentile P, Bottini DJ, Spallone D, Curcio BC, Cervelli V. Application of platelet-rich plasma in maxillofacial surgery: clinical evaluation. J Craniofac Surg. 2010;21:900–904. doi: 10.1097/SCS.0b013e3181d878e9

22. Wojtowicz A, Chaberek S, Urbanowska E, Ostrowski K. Comparison of efficiency of platelet rich plasma, hematopoieic stem cells and bone marrow in augmentation of mandibular bone defects. NY State Dent J. 2007;73:41–45.

23. Daif ET. Effect of autologous platelet-rich plasma on bone regeneration in mandibular fractures. Dent Traumatol. in press.

24. Khairy NM, Shendy EE, Askar NA, El-Rouby DH. Effect of platelet rich plasma on bone regeneration in maxillary sinus augmentation (randomized clinical trial) Int J Oral Maxillofac Surg.in press

25. Poeschl PW, Ziya-Ghazvini F, Schicho K, Buchta C, Moser D, Seemann R, Ewers R, Schopper C. Application of platelet-rich plasma for enhanced bone regeneration in grafted sinus. J Oral Maxillofac Surg. 2012;70:657–664. doi: 10.1016/j.joms.2011.04.027.

26. Emanuela Ortolani, Massimiliano Guerriero, Antonella Coli, Amalia Di Giannuario, Gianluca Minniti, Antonella Polimeni. Effect of PDGF, IGF-1 and PRP on the implant osseointegration. An histological and immunohistochemical study in rabbits. Ann Stomatol (Roma) 2014 Apr-Jun; 5(2): 66–68. Published online 2014 Jun 18.

27. Peev, Stefan; Atanasov, Dimitar; ,Platelet-Rich Plasma-An Accelerator of The Secondary Stability of Immediate Loaded Implants, Journal of IAMB-Annual Proceeding,2,,38-40,2007.

28. Ioannis Georgakopoulos; Stavros Tsantis; Panagiotis Georgakopoulos; Panagiotis Korfiatis; Elena Fanti ; Marialaura Martelli ; Lena Costaridou; Theodoros Petsas; George Panayiotakis; Francesco Saverio Martelli .The impact of Platelet Rich Plasma (PRP) in osseointegration of oral implants in dental panoramic radiography: texture based evaluation

29. Alhussaini AHA. Effect of Platelet-Rich Fibrin and Bone Morphogenetic Protein on Dental Implant Stability. J Craniofac Surg. 2019 Jul;30(5):1492-1496.

30. Elif Öncü, Burak Bayram, Alpdoğan Kantarcı, Serap Gülsever, Emine-Elif Alaaddinoğlu. Posıtıve effect of platelet rich fibrin on osseointegration. Med Oral Patol Oral Cir Bucal. 2016 Sep; 21(5): e601–e607.

31. Platelet-derived growth factor (PDGF)-AA: a self-imposed cytokine in the proliferation of human fetal osteoblasts. Yang D, Chen J, Jing Z, Jin D Cytokine. 2000 Aug; 12(8):1271-4.

32. Mohammad Ketabi, Narges Fahami, Shahram Amini. Effect of Platelet-rich Plasma on Implant Stability in the Mandible. Effect of Platelet-rich Plasma on Mandibular Implant Stability. J Periodontol Implant Dent 2015;7(2):50–54.

33. Anand U, Mehta DS. Evaluation of immediately loaded dental implants bioactivated with platelet-rich plasma placed in the mandibular posterior region: A clinico-radiographic study. J Indian Soc Periodontol. 2012 Jan;16(1):89-95.

34. Simonpieri A, Del Corso M, Vervelle A, Jimbo R, Inchingolo F, Sammartino G, Dohan Ehrenfest DM. Current knowledge and perspectives for the use of platelet-rich plasma (PRP) and platelet-rich fibrin (PRF) in oral and maxillofacial surgery part 2: Bone graft, implant and reconstructive surgery. Curr Pharm Biotechnol. 2012 Jun;13(7):1231-56.